# ИЗВЕШТАЈ ОД КОНСУЛТАЦИИ СО ЈАВНОСТА

# ПО

# НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
# ЗА
# СТРАТЕГИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД (2022-2027), ОПШТИНА ОХРИД

**Април, 2022**

**година**

| | |
|---|---|
| Стратегија: | **СТРАТЕГИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД (2022-2027), ОПШТИНА ОХРИД** |
| Документ: | **Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027), општина Охрид** |
| Имплементатор на проектот: | Општина Охрид |
| **Подготвувач и потписник на Извештајот од консултации со јавноста:** | **Општина Охрид** |

Раководител на одделение за заштита и влијание врз животната средина
Хавза Р. Каќел

Датум: 12.04.2022

## СОДРЖИНА

1 ВОВЕД ..... 4
2 ПРОЦЕДУРА ..... 4
2.1 Известување на јавноста ..... 5
3 ЈАВНА РАСПРАВА ..... 6
2.1 Одговор на забелешките од одржана јавна расправа ..... 6
4 ЗАБЕЛЕШКИ ДОСТАВЕНИ ВО ПЕЧАТЕНА ИЛИ ЕЛЕТРОНСКА ФОРМА ..... 6
5 КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИ ОРГАНИ ..... 10
6 ЗАКЛУЧОК ..... 10

## ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ

Прилог 1 - Одлука за спроведување на стратегиска оцена, нејзина објава и мислење од МЖСПП ..... 11
Прилог 2 – Објава на информации за нацрт Извештај за СОЖС и одржување на јавна расправа ..... 15
Прилог 3 - Записник од одржана јавна расправа и листа на присутни ..... 19
Прилог 4 – Коментари добиени во електронска форма ..... 26

# 1 ВОВЕД

Општина Охрид изработи Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027), општина Охрид за која спроведе постапка за стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во рамките на која изработи Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027).

Во рамките на постапката за СОЖС, по завршување на периодот на учество на јавноста, Општина Охрид како орган одговорен за изработка на планскиот документ изготвува Извештај за консултации со јавноста, во согласност со член 69, став 5 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) и член 10 став 2 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 147/08 и 45/11).

Извештајот има за цел да даде одговор на сите коментари, мислења, предлози и забелешки, доставени од јавноста во текот на периодот предвиден за јавен увид на Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

# 2 ПРОЦЕДУРА

Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС) и Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22), бараат одредени планови, програми и стратегии, за кои постои веројатност дека би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, да бидат предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС).

Во согласност со одредбите од Законот за животната средина и релевантните подзаконски акти, општина Охрид изработи формулар за утврдување на потребата од Стратегиска оцена на животната средина, врз основа на кој донесе Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за животната средина (бр. 09-922/1 од 27.01.2022) за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027).

Одлуката за спроведување на стратегиска оцена за животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027), беа објавени на web страната на општина Охрид и доставени до Министерството за животна средина и просторно планирање. Истите беа прифатени од МЖСПП (доставено Известување арх. бр. УП1-15 171/2022), приложени во Прилог 1.

Врз основа на горепоменатите документи и доставена нарачка од општина Охрид, Друштвото за Еколошки Консалтинг „ДЕКОНС-ЕМА“ ДООЕЛ Скопје го изработи Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027).

Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027), беше доставен до општина Охрид на 04.02.2022 година. Нацрт извештајот за СОЖС, Општина Охрид го достави до МЖСПП, со цел добивање на мислење.

## 2.1 Известување на јавноста

Општина Охрид, како орган одговорен за изработка на планскиот документ, а во согланост со член 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 147/08 и 45/11) обезбеди информирање и вклучување на јавноста. На 15.02.2022 нацрт Извештајот за СОЖС беше објавен на web станата на општина Охрид и достапен на увид во просториите на Општина Охрид Прилог 2.

Во истата објава на 15.02.2022 година на web станата на општина Охрид, беше објавено и податоци за организирање на јавна презентација и расправа по нацрт Извештајот за СОЖС.

Во согласност со член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 147/08 и 45/11) општина Охрид ја информира јавноста и преку еден дневен весник, достапен на територијата на Република Северна Македонија (Нова Македонија на 16.02.2022, Прилог 2) во кој беа објавени информации:

- дека е изработен и ставен на увид Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид (на web страната на општина Охрид и достапен во просториите на општина Охрид);
- е-маил адреса на која јавноста може да даде свое мислење;
- денот, местото и часот на одржување на јавна презентации и јавна расправа по нацрт Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид .

Во согласност со дефинираната постапка за Стратегиска оцена на животната средина во горенаведените правни акти, Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027), беше достапен за јавен увид на веб страната на општина Охрид во период повеќе од 30 дена од денот на објавување (од 15.02.2022 до 16.03.2022 година), како и во печатена форма во просториите на општина Охрид, секој работен ден од 7:30-15:30 h.

# 3 ЈАВНА РАСПРАВА

Во согласност со член 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 147/08 и 45/11), Општина Охрид на ден 09.03.2022 година организираше јавна расправа за Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027).

Засегнатата јавност навремено преку web страната на општина Охрид и дневен весник на целата територија на Република Северна Македонија, беше информирана за местото и времето за одржување на јавната расправа (Прилог 2).

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста во процесот на донесување на одлуки по нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027), на 09.03.2022 година во просториите на општина Охрид, со почеток во 11:30 часот се одржа јавна расправа по нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027).

Од одржаната јавна расправа, подготвен е записник кој е приложен во Прилог 3 од овој Извештај. Во записникот е приложена и листа на учесници од јавната расправа и фотографии.

## 2.1 Одговор на забелешките од одржана јавна расправа

По завршување на јавната презентација на Стратегиската оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027), беше отворена дискусија. Забелешките, коментарите и мислењата кои беа презентирани од присутните не се однесуваа на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

# 4 ЗАБЕЛЕШКИ ДОСТАВЕНИ ВО ПЕЧАТЕНА ИЛИ ЕЛЕТРОНСКА ФОРМА

Во периодот на јавен увид, беа добиени коментари од невладината организација „ФРОНТ“ 21/42 во електронска форма (приложени во Прилог 4). Во согласност со член 10 од од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 147/08 и 45/11), збирен одговор на добиените забелешки по однос на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина се дадени во следната табела.

**Табела 1** Збирен одговор на добиените забелешки од ФРОНТ кон Стратегијата за рурален развој на општина Охрид и нацрт Извештајот за стратешка оцена на животната средина

| Коментар/забелешка | Барање | Одговор |
|---|---|---|
| **1. Барање за продолжување на рокот за јавен увид и доставување забелешки, мислења и предлози** | Продолжување на рокот - овозможување дополнителни 30 дена за доставување на забелешки, мислења и предлози во врска со Стратегијата за | Роковите за достапност на документите на јавноста и доставување коментари, мислења и сугестии по објавените документи од страна на заинтересираната |

| | | |
|---|---|---|
| | рурален развој на Општина Охрид и Нацрт СОЖС Извештајот | јавност, се дефинирани со Законот за животна средина и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина, кои пак се усогласени со Архуската конвенција (односно Директивата за СОЖС на ЕУ)<br>**Забелешката и барањето не се прифаќаат.** |
| **2. Коментари по однос на содржината на Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид и Нацрт СОЖС Извештајот на истата** | | |
| **2.1 Стратегијата предвидува продолжување со активност која експертите ја оценуваат како најголема закана за светското наследство – урбанизација.** | Бараме Стратегијата за рурален развој да не предвидува проширување на урбанизацијата во населените рурални места, а особено не во оние кои се наоѓаат на крајбрежјето на Охридското Езеро и во НП Галичица | Урбанизацијата на просторот е всушност уредување (и контрола) на користење на земјиштето, во согласно со тоа, но и во согласност со одредбите од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р. С. Македонија“ бр. 32/20), мора да се донесат урбанистички планови (документација) за сите населени места. Дополнително, немањето на урбанистички планови во руралните места го кочеше социоекономскиот развој и ја оневозможуваше процедурата за користење на европските фондови за рурален развој!. Во спротивно ќе продолжи узурпацијата на земјиште и нелегална градба, што ќе даде несакани ефекти (и ќе |

| | | |
|---|---|---|
| | | биде навистина закана) врз светското природно и културно наследство.<br>**Забелешката не се прифаќа** |
| **2.2 Изградба на марина во с. Пештани** | Бараме Нацрт СОЖС Извештајот да го процени влијанието на овој проект, предвиден во Стратегијата. | Оваа приоритетна активност треба да се изземе од Стратегијата<br>**Забелешката се прифаќа!** |
| **2.3 Изградба на ски-центар на Плакенска Планина** | Во оваа смисла бараме СОЖС Извештајот да се дополни со мерка „Изработка на Студија за утврдување на можно присуство на рисот на Плаќенска планина“ како предуслов за можно планирање на ски центар. | Во стратегијата треба да се дополни приоритетната мерка: Изработка на физибилити студија за ски центар на Плаќенска Планина, врз основа на претходни истраги за присуството на рисот на подрачјето и можните вознемирувања од изградба на Ски центар.<br>**Забелешката се прифаќа!** |
| **2.4 Стратегијата не се осврнува на бесправно изградените објекти** | Бараме Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид да даде насока за идни чекори во однос на бесправните објекти во руралните средини. | Стратегијата дава насоки за иден развој, но не се бави со постапување со бесправно изградените објекти. Постапувањето со овој тип објекти е предмет на законски и подзаконски акти и надлежни државни и општински органи.<br>**Забелешката не се прифаќа** |
| **2.5 Стратегијата не се осврнува на Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион** | Бараме Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид да биде доставена до Комисијата за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион заради обезбедување мислење. | Веќе е доставена |
| **2.6 Стратегијата за рурален развој** | Бараме да се прецизира во Стратегијата на какви спортови на вода се однесува и да се изготви | Стратегијата за рурален развој предвидува развој на спортови на вода на ниво на руралниот дел во општина |

| | | |
|---|---|---|
| **предвидува – развој на спортови на вода** | проценка во СОЖС Извештајот за влијанието на истите врз Доброто. | Охрид (каде се вклучени и реките, а не само Езерото),а тие ќе се :<br>- Развој на спортот и спортските активности согласно постојната регулатива.<br>-Развој на спортови и натпреварувања на вода(Одржливи спортови кои не активираат опрема или други средства кои би ја загадувале животната средина– Кајак, едриличарство, пливање, ватерпол и сл.<br><br>**Забелешката се прифаќа** |
| **2.7 Реконструкција и проширување на регионалниот пат Охрид – Св. Наум** | Низ целата стратегија нема подробни информации во врска овој предлог ниту пак Нацрт СОЖС Извештајот го анализира неговото влијание, бараме да ни ги доставите следните информации:<br>- Дали постои проект за реконструкција и проширување на регионалниот пат Охрид – Св. Наум ?<br>- Доколку да, Ве молиме да ни доставите копија од истиот. | Ова е анализирано само во СВОТ анализата како јака страна но не пропратено со стратешка цел и не е понатаму предмет на предлагање на приоритетни проекти во нацрт Стратегијата, заради тоа не е ниту разгледувано во нацрт СОЖС Извештајот. Односно, патот е од регионален и државен карактер, а со тоа е предмет на Националната Транспортна стратегија и плановите и програмите, кои се надлежност на МТВ (Министерство за транспорт и врски) и ЈПДП (Јавното претпријатие за државни патишта), но не и на општина Охрид.<br>**Забелешката не се прифаќа.** |
| **2.8 Отсуствува анализата на алтернативи и** | Бараме СОЖС Извештајот да се преработи и во себе да вклучи повеќе анализирани алтернативи и | Вообичаено е во СОЖС извештајот да се разгледува алтернатива да не се донесе стратегија и да се донесе (и имплементира) стратегија. |

| | | |
|---|---|---|
| **причините за избор на алтернативите во Нацрт-СОЖС Извештајот.** | опис за тоа како е направена проценката. | Тоа е и направено во СОЖС извештајот.<br>**Барањето е нејасно, неаргументирано и не се прифаќа.** |
| **3. Обезбедување мислење од Центарот за светско наследство на УНЕСКО и неговите советодавни тела** | | Овој коментар е сличен на коментарот под број 2.5 и одговорот е соодветен. |

## 5 КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИ ОРГАНИ

Во периодот предвиден за консултации со јавноста од страна на засегнатите органи не се доставени забелешки по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027).

## 6 ЗАКЛУЧОК

Во текот на спроведената постапка за учество на јавноста по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027), беа добиени забелешки/коментари од засегнатата јавност. Забелешките добиени од одржување на јавната расправа и од Граѓанска иницијатива Охрид SOS се однесуваат на Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027), а не по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

Прифатените забелешки/коментари, кои се однесуваат на Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина во согласност со Табела 1, ќе бидат усвоени во финалната верзија на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027). Финалната верзија на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе ги опфати и промените кои ќе настанат во Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027).

## Прилог 1 - Одлука за спроведување на стратегиска оцена, нејзина објава и мислење од МЖСПП

Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ " бр.53/05,81/05,24/07,159/08,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,42/14,44/15,129/15и 39/16, 99/18),Општина Охрид, на ден 27.01.2022г. донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Стратегија за рурален развој на Општина Охрид 2022-2027г. Општина Охрид, кој го донесува Општина Охрид е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина .
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Стратегија за рурален развој на Општина Охрид 2022-2027 г. Општина Охрид, се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ЈУНП Галичица и Општина Охрид
3. За планскиот документ Стратегија за рурален развој за Општина Охрид 2022-2027г. Општина Охрид, кој плански документ го донесува Советот на Општина Охрид, донесувањето на овој плански документ ќе има влијание врз животната средина
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти:Влијанието на развојните решенија во поглед на осетливите елементи на животната средина на планираниот опфат(вода, почва, управување со отпад, природното и културно/археолошко наследство) како и влијанието на социоекономската состојба.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Охрид на следната веб адреса/и:www.ohrid.gov.mk
6. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната .

Бр. 09-922/1
27.01.2022

Место
Охрид

Име и презиме
Градоначалник

Кирил Пецаков

## ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА ЗА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ СТРАТЕГИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД 2022- 2027 Г.

јануари 27, 2022 | 0

Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ " бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15и 39/16, 99/18), Општина Охрид, на 27.01.2022г. донесе

ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планскиот документ Стратегија за рурален развој на Општина Охрид 2022- 2027 г. Општина Охрид, кој го донесува Општина Охрид е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина .
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Стратегија за рурален развој на Општина Охрид 2022-2027 г. Општина Охрид, се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ЈУНП Галичица и Општина Охрид
3. За планскиот документ Стратегија за рурален развој за Општина Охрид 2022- 2027г. Општина Охрид, кој плански документ го донесува Советот на Општина Охрид, донесувањето на овој плански документ ќе има влијание врз животната средина
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти:Влијанието на развојните решенија во поглед на осетливите елементи на животната средина на планираниот опфат(вода, почва, управување со отпад, природното и културно/археолошко наследство) како и влијанието на социоекономската состојба.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Охрид на следната веб адреса/и: www.ohrid.gov.mk
6. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА ЗА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ СТРАТЕГИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД 2022- 2027 Г.

### ПОДАТОЦИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ ВО ОХРИД



### АКТУЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА ЗА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ СТРАТЕГИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД 2022- 2027 Г.

КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ОД ПРВА ГОДИНА, ЗАПИШАНИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

- СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр УП1-15 171/2022
Дата 02-02-2022

Архивски знак:
Рок на чување:
202 год.
Потпис,

До Општина Охрид
Ул. Димитар Влахов бр.57
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Предмет: Известување
Врска: ваш бр. 21-922/2 од 24.01.2022

Почитувани,
Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под бр. УП1-15 171/2022 од 28.01.2022 год. поврзано со постапка за носење на документација за Стратегија за рурален развој на Општина Охрид 2022-2027 год. - Општина Охрид, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник“ бр: 53/5, 81/5, 24/7, 159/8, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина и формуларот, Министерството за животна средина и просторно планирање ги прифаќа.
Одлуката заедно со формуларите задолежително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит

СО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
[illegible]bi Rexhepi

Изработил: Милева Тагасовска
Согласен: Сашо Апостолов

## Прилог 2 – Објава на информации за нацрт Извештај за СОЖС и одржување на јавна расправа

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА СТРАТЕГИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД 2022-2027ГОД

февруари 15, 2022 | 0

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10, 51/11, 123/12 и 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 , 39/16 и 99/18) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на Р.М. бр. 147/08), Градоначалникот на Општина Охрид

**ОРГАНИЗИРА**

1. Јавна презентација и јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Стратегија за рурален развој на Општина Охрид 2022-2027год. Се информира јавноста дека ставен е на увид и јавна расправа Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Стратегија за рурален развој на Општина Охрид 2022-2027год.
2. Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина е изложен во Одделението за заштита и влијание врз животната средина во Општина Охрид секој работен ден од 7:30 – 15:30 часот почнувајќи од 15.02.2022 год. до 16.03.2022 год.
3. Јавната презентација и јавната расправа ќе се одржи на ден 09.03.2022г.во големата сала на Општина Охрид,со почеток во 11:30 часот со задолжително носење маски и пропишана дистанца согласно протоколите за заштита од Ковид 19.
4. Правните и физичките лица и јавноста можат да го доставаат своето мислење во врска со Извештајот до Општина Охрид во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа информацијаСите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење,забелешки и предлози по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина и истите можете да ги испраќате на е_маил : zivotnasredina@ohrid.gov.mk , или по пошта на следната адреса: Општина Охрид , ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид.

ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА СТРАТЕГИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД



ИЗВЕСТУВАЊА ВО ВРСКА СО ПОСТАПКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛАТА КОСЕЛ, РАМНЕ И СИРУЛА



СООПШТЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ЈАВНА АНКЕТА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ПРЕДЛОГ ДУП ЗА УЗ 15, УБ 15.7, ОПШТИНА ОХРИД ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2019-2024



ПОВТОРЕНА ЈАВНА АНКЕТА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ПРЕДЛОГ ДУП ЗА УЗ 2, ДЕЛ ОД БЛОК 2.2 – ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2017-2022

ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ВО РАМКИ НА РЕГИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛНА ДЕМОКРАТИЈА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН2 (ReLOaD2)

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ДАНОК НА ИМОТ

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 51/11, 123/12 и 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 , 39/16 и 99/18) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на Р.М. бр. 147/08), Градоначалникот на Општина Охрид

**О Р Г А Н И З И Р А**

1. Јавна презентација и јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Стратегија за рурален развој на Општина Охрид 2022-2027год.

Се информира јавноста дека ставен е на увид и јавна расправа Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Стратегија за рурален развој на Општина Охрид 2022-2027год.

2. Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина е изложен во Одделението за заштита и влијание врз животната средина во Општина Охрид секој работен ден од 7:30 - 15:30 часот почнувајќи од 15.02.2022 год. до 16.03.2022 год.

3. Јавната презентација и јавната расправа ќе се одржи на ден 09.03.2022г. во големата сала на Општина Охрид,со почеток во 11:30 часот со задолжително носење маски и пропишана дистанца согласно протоколите за заштита од Ковид 19.

4. Правните и физичките лица и јавноста можат да го достават своето мислење во врска со Извештајот до Општина Охрид во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа информација

Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење,забелешки и предлози по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина и истите можете да ги испраќате на е_маил : zivotnasredina@ohrid.gov.mk , или по пошта на следната адреса: Општина Охрид , ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Кирил Пецаков**

---

води кај Комерцијална банка АД [illegible]

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавнот

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се тени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање, дневен весник-Нова Македонија веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата к или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

**О Г Л А С**

СЕ ЗАКАЖУВА Собрание на доверители на должникот Друштво за прои накит, преработка и трговија ГОЛД-МАК АД Радовиш - во стечај со следниот

- донесување на одлука дали имотот предмет на продажбата ќе се продаде та цена постигната на аукциската продажба одржана на ден 18.01.2022 за што то досие на должникот од страна на стечајниот управник е доставен поднесо 18.01.2022 година, во прилог на истиот и докази.

Собранието на доверители ќе се одржи на ден 09.03.2022 година во 09,30 ч број 13 во Основен суд Струмица.

Стеча
Драга

Маркетинг: ++389 (0) 25511723; ++389 (0) 25511727; marketing@novamakedonija.com.mk

ОПШТИНА ОХРИД

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10, 51/11, 123/12 и 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 , 39/16 и 99/18) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на Р.М. бр. 147/08), Градоначалникот на Општина Охрид

ОРГАНИЗИРА

1. Јавна презентација и јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Стратегија за рурален развој на Општина Охрид 2022-2027год.
Се информира јавноста дека ставен е на увид и јавна расправа Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Стратегија за рурален развој на Општина Охрид 2022-2027год.

2. Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина е изложен во Одделението за заштита и влијание врз животната средина во Општина Охрид секој работен ден од 7:30 - 15:30 часот почнувајќи од 15.02.2022 год. до 16.03.2022 год.

3. Јавната презентација и јавната расправа ќе се одржи на ден 09.03.2022г. во големата сала на Општина Охрид,со почеток во 11:30 часот со задолжително носење маски и пропишана дистанца согласно протоколите за заштита од Ковид 19.

4. Правните и физичките лица и јавноста можат да го доставaт своето мислење во врска со Извештајот до Општина Охрид во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа информација
Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење,забелешки и предлози по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина и истите можете да ги испраќате на е_маил : zivotnasredina@ohrid.gov.mk , или по пошта на следната адреса: Општина Охрид , ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Кирил Пецаков

Република Северна Македонија Градоначалник на општина Охрид ОХРИД

# Прилог 3 - Записник од одржана јавна расправа и листа на присутни

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 21-1087/4
16.03.2022 год
ОХРИД

Врз основа на член 61 став 5 од Законот за животната средина ("Службен Весник на РМ" бр. 53/05; 81/05; 79/06; 101/06; 109/06; 24/07; 159/08; 83/09; 161/09; 1/10; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13; 187/13; 42/14; 44/15; 129/15; 192/15; 39/16; 28/18; 65/18 и 99/18) и член 8 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина ("Службен весник на РМ", бр. 147/08 и 45/11), како и донесената одлука за организирање на јавна презентација на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027), општина Охрид, изготвен е

**З А П И С Н И К**

од одржана јавна расправа по нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027), општина Охрид

На ден 09.03.2022, во 11:30 часот, во просториите на општина Охрид, се одржа јавна расправа по нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027), општина Охрид (во понатамошниот текст: Стратегијата).

Процедурата за стратегиска оцена на животната средина и содржината на нацрт Извештајот за стратегиска оценка на животната средина, ги презентираше Менка Спировска, дипл. биолог и експерт за стратегиска оцена на животната средина од Друштвото на еколошки консалтинг „ДЕКОНС ЕМА" ДООЕЛ Скопје.

Со презентацијата беа опфатени следните поглавја:

- процедурите на стратегиска оцена на животната средина и законската регулатива;
- целите на стратегиската оцена;
- содржината на извештајот за стратегиска оцена;
- други релевантни планови и програми/плански документи за планскиот опфат;
- опис на постојна состојба и планирана состојба;
- корелација на целите на Стратегијата со други релевантни планови и програми/плански документи на национално, регионално и локално ниво;
- состојба без имплементација на Стратегијата;

Во текот на презентација беше даден посебен осврт на:

- области кои се од посебно значење за животната средина од аспект на заштита на дивите птици и хабитати;
- очекуваните влијанија врз животната средина од реализација на планската документација и мерките за надминувања на истите;
- анализа на алтернативи;

За спречување/намалување на влијанијата врз медиумите и областите од животната средина, изработувачот на нацрт Извештајот за стратегиска оценка на животната средина предвиде мерки и ги даде следните препораки:

- подготовка на годишни извештаи за реализација на приоритетните проекти од Стратегијата, како инструмент за следење на нејзината имплементација;
- при имплементацијата на приоритетните проекти од Стратегијата за рурален развој во Охрид да се следат и имплементираат препораките дадени во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029), во однос на заштитата на културното и природното наследство, Идниот План за управување со Охридското Езеро и законските определби на Законот за животната средина и Законот за заштита на природата и соодветните подзаконски акти;
- подетална анализа на влијанијата врз животната средина од реализацијата на приоритетните проекти да се направи на ниво на проект (со изработка на Елаборат за заштита на животната средина, Студија за оцена на влијанијата врз животната средина);
- почитување на мерките предвидени за намалување на можните влијанија од предвидените приоритетни проекти.

По презентацијата на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027), општина Охрид, следуваше дискусија, презентирана во продолжение:

<u>Никола Киселинов – претставник на туристичка асоцијација, го истакна следното:</u>

"Очекував полна сала на луѓе, особено откако ги наведовте сите засегнати страни. Гледам се помалку и помалку присуство и учество на засегнати страни, состојбите не се менуваат и стануваат уште полоши од претходниот стратешки документ. Она што го видов од презентацијата и ми падна во очи се изработка на урбанистички планови. Една од препораките од мисијата на УНЕСКО се изработка на урбанистички планови во централно градско подрачје. Ако ние не може да спроведеме една бавна препорака за централно градско подрачје – јадро на Градот, како ќе го направиме во руралните средини. На терен се случуваат други работи, т.е. дивоградби, во населените места и планината Галичица, а кои се внесени во регистарот на дивоградби и се бара нивно отстранување, а од друга страна се бара нивна легализација. Како дел од тим кој учествувал во различни планови и стратегии, во оваа Стратегија евидентирани се истите активности од Потстратегијата за рурален развој на општина Охрид. Ниту се споменати средства од ИПАРД програмите, ниту кампањи за органско производство, мерки за подобрување на почва и вода и т.н. Се работи за импровизација на Стратегија, која нема да има никакви резултати и можеме да направиме уште повеќе вакви Стратегии, а на терен не се спроведуваат никакви активности. Од друга страна имаме комплетно иселување на населението и се помалку активни населени места. Наместо акцентот да се стави на рурални витални средини, од интересот што го нема во јавноста не знам и како ќе се подобри состојбата".

<u>**Одговор:** Менка Спировска</u>

"Благодарам, Јас ве разбирам. Голем дел од мојата кариера ја поминав справувајќи се со проблемите на Охридското Езеро. Добро ги знам проблемите во овој регион и мислам дека имаме добра документација, но имплементацијата на лице место е многу слаба, како што е и во другите општини. Тоа е коментар на сите мисии, Европска мисија и др. Имаме можности за користење на странските

фондови, но се уште не можеме да го смениме менталниот склоп за прифаќање на промените. Не секогаш проблемот е во администрацијата. Често се наидува на проблеми при реализација, а тука е и менталниот склоп на жителите, кои не секогаш се отворени кон промените и ги прифаќаат истите.

Барањата на мисиите се едноставни и за урбанистичките планови во централното градско подрачје, односно истите немаат високи барања, кои најчесто се однесуваат на примената на националната регулатива. Ако зборуваме за централното јадро, бараат да се почитува културното наследство или пак ако зборуваме за природното наследство една од препораките е да се почитува крајбрежниот појас, кои не секогаш се земени предвид, поради што подоцна настанува проблем во реализацијата".

Борис Стојаноски – Н.О „Грашница"

Каде е јавноста, да имаше барем по еден претставник од секоја засегната страна ќе имаше добра Стратегија. Оваа е нечија визија и луѓето не веруваат дека ова така ќе помине и затоа и не присуствуваат.

Мој впечаток е дека треба да се работи на терен. Јас живеам во село Орман на 2 km од Охрид. Проектите на „УНЕСКО" не ги зафаќаат тие рурални средини, како само овде да е културното наследство. Треба да се работи на терен во руралните средни и ваквиот начин на работење, не ми се допаѓа.

**Одговор:** Антонио Балески, Општина Охрид

Работено е со претставници на сите села и месните заедници, кои беа групирани во работилниците и заедно со нив идентификувани се проблемите од страна на локалното население.

Борис Стојаноски – Невладина организација „Грашница"

Јас со мојата фамилија работам на рурален туризам и жители од другите селските средини сакаат да работат, но знаат дека ќе се соочат со други проблеми во фазата на имплементација. Каде се претставниците од месните заедници?

**Одговор:** Ирена З. Спасевска, Општина Охрид

Поканети се уредно сите. Сите месни заедници се поканети, но не доаѓаат и тоа не е наш проблем. Исто така имаа и прашалници, кои им беа доставени, но за жал истите не беа ниту пополнети. Вие го потенцирате како наш проблем. Одделението за ЛЕР од Општината, во рок од 2 дена поднесе 4 апликации за руралните средини за финансирање од буџетот на Општината.

Антонио Балески, Општина Охрид

Пред да завршиме јас, во име на Тимот со кој ја работевме Стратегијата за рурален развој на општина Охрид, сакам да Ви се заблагодарам. Почнавме во 2019 година и ете завршуваме во 2022 година од објективни или субјективни причини. Разочаран сум што на оваа презентација нема претставници од сите служби во општина Охрид, кои треба да постапуваат по овие документи, односно Секторот за комунален развој и Секторот за урбанизам и други, што е разочарувачки. Поканети беа граѓаните, здруженијата, месни заедници и сл. Со почит до сите луѓе кои работеа со нас. Институционално гледано, се уште немаме навика дека стратешкиот документ треба да ни биде основа за планирањето. Некој треба да ги натера ресурсите во општината да работат заедно. Да присуствуваа барем граѓани (локалните жители) за запознавање и информирање за некои програми за користење средства од програмите, сметам дека сево ова ќе имаше поголем ефект. Проблемот е социолошки, односно немање желба за заедничка работа. Правевме исклучителни напори за вклучување на жителите. Постои отпорот за заедничка соработка и вмрежување и изгубена доверба во институции,

на кое што сите ќе треба да работиме во иднина. Се обидовме да направиме едноставна Стратегија за да може реално да се имплементира.

Хавза Р. Каќел, Општина Охрид

Се сложувам со сите, задоволна сум од ова што се случува денес, морам да истакнам дека кога се вработив од животната средина не се случуваше ништо, односно не се спроведуваа никакви процедури во согласност со законите за животна средина. Овие постапки почнавме да ги водиме од 2010 година

Со урбанистите сме спротивставени. Ние ги разбираме како закана за животната средина, а тие не класифицираат дека не сакаме ништо да се случува и правиме опструкции во развојот. Сите развојни документи кои се работат, немаат секогаш имплементација но се трудиме истото да се подобри.

Ме радува фактот што започнаа да се подготвуваат урбанистички планови за села. Верувам дека барем 5% од приоритетните проекти во Стратегијата ќе се имплементираат. Толкава е нашата моќ, која не е одлучувачка. Јас чувствувам мал напредок, и покрај опструкциите од невладините организации. Ова е комплексна тематика, која може е тешко да се разбере од обичниот граѓанин, но ние работиме во согласност со законите од областа на животната средина, кои за жал не се во целост усогласени со законите за урбанистичко планирање.

Јавната расправа заврши во 13.00 часот.

Составен дел на овој записник е Списокот на присутни и фотографии направени на денот на одржување на јавната расправа, дадени во прилог.

Датум на изработка: 23.03.2022

Изготвил:

Јасминка Т. Момироска – Советник за животната средина

Одобрил:

Хавза Р. Каќел - Раководител на одделение за заштита и влијание врз животната средина

Градоначалник на општина Охрид
Кирил Пецаков

**Прилог 1** Список на присутни на јавната расправа по нацрт извештајот за СОЖС за Стратегијата за рурален развој на општина Охрид (2022-2027) и фотографии од присутните

СПИСОК НА ПРИСУТНИ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И РАСПРАВА ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОЖС ЗА СТРАТЕГИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ОХРИД

Одржана на 09.03.2022г.

| Име и презиме | Институција | Контакт телефон | E-mail адреса |
|---|---|---|---|
| [illegible] Р. Какел | Општина Охрид | 075/657-230 | havzakakel@hotmail.com |
| Јасминка Т. Момироска | Општина Охрид | 075/453-298 | jasmina_972@jaho.com |
| Сyарта Амети | Општина Охрид | 071-255-591 | syarta_ol@hotmail.com |
| Никола Кесеинов | Туристичка Асоцијација [illegible] | 078-998-235 | [illegible]@yahoo.com |
| Горан Милошевски | | 070238067 | [illegible]@gmail.com |
| Ирена З. Спасеска | Општина Охрид | 070-276-617 | irena.spaseska@ohrid.gov.mk |
| Владимир [illegible] | Општина Охрид | 075331667 | [illegible]@yahoo.com |
| Вера Рацин | општина Охрид | 071231110 | vera.racin@ohrid.gov.mk |
| Александар [illegible] | Општина Охрид | 070/304828 | |
| Антонио Балески | Општина Охрид | 075 276 600 | |
| Снежана Трајкоска | Општина Охрид | 070 331-448 | snezana.trajkoska@ohrid.gov.mk |
| Марија Мотсовска | Општина Охрид | 078-273-311 | |
| Стевица Здравевски | Општина Охрид | 078/247-786 | stevzdr@gmail.com |
| [illegible] | Е.Д. [illegible] Охрид | 075-454-[illegible] | |
| Борис Стојаноски | ЕД „Градинар" Ох. | 075/842385 | |
| Сашо Јованоски | општина Охрид | одд. за УО | |
| Ѓоко Апостолов | Општина Охрид | 072/249-782 | gjokoapostolov@ohrid.gov.mk |
| [illegible] Сировски | [illegible] | 078-252-676 | [illegible].com.mk |


ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (СОЖС)
ЗА ПЛАНОВИ, СТРАТЕГИИ И ПРОГРАМИ



# Прилог 4 – Коментари добиени во електронска форма

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

17.03.2022 година, Скопје

**До:**
**Општина Охрид**

Врз основа на член 7 од Архуската Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда за прашањата поврзани во животната средина; член 8 од Уставот на РСМ; член 2 став (2) од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион; член 17 и 69 став (3) од Законот за животна средина; член 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина и Препорака бр. 11 од Извештајот на Реактивната Мониторинг Мисија, ги доставуваме следните:

**КОМЕНТАРИ КОН**
**СТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД 2022-2027**
**И НАЦРТ-ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД (2022-2027)**

1. **Барање за продолжување на рокот за јавен увид и доставување забелешки, мислења и предлози**

Имајќи предвид дека Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид е од исклучително значење за понатамошниот развој и несомнено има директно влијание врз состојбата на светското природно и културно наследство – Охридскиот Регион, сметаме дека рокот од 30 дена за анализа и доставување на забелешки, мислења и предлози е недоволен.

Ова особено доколку се има предвид фактот дека во истиот временски период трае и јавен увид на Стратегијата развој на туризмот во Општина Охрид и Нацрт СОЖС Извештајот за истата.

Објавувајќи ги двете стратегии со Нацрт СОЖС Извештаите во ист временски период, всушност Општина Охрид овозможува период од по 15 дена за анализа на сите овие документи, што е недоволно време за ефикасно и суштинско учество на засегнатата јавност.

Дополнително, во периодот додека трае јавниот увид за наведените документи, беше организирана јавна расправа за Законот за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата и определен рок за доставување на забелешки, мислења и предлози, десет дена по расправата.

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

Објавувањето на сите овие значајни документи во ист временски период не попречува да си го оствариме правото на ефикасно учество во носењето на одлуки поврзани со животната средина, особено одлуки поврзани со нашето најголемо природно и културно наследство – Охридскиот Регион.

Во оваа насока, потсетуваме на Препораката бр. 11 на Реактивната мониторинг мисија од 2017 година:
„Да се разјаснат механизмите за одлучување и задачите и функциите на Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион и **да се воспостават вистински пристапи за учество во управувањето со доброто за да се обезбеди соодветна вклученост на локалните заедници и граѓанските организации“.**

Комитетот за светско наследство на УНЕСКО во Одлуката 43 COM 8B.9 од 2019 година, препорачува Во државите членки (Северна Македонија и Албанија) да се зголеми учеството на заедницата, што пак се повторува како конкретна препорака во Извештајот на Реактивната мониторинг мисија од 2020 година:
**„Зголемете го учеството на заедницата во управувањето, зачувувањето и следењето на доброто преку промовирање активна соработка помеѓу властите и граѓанското општество и со обезбедување дека состаноците на раководството се отворени за јавноста, како и олеснување на пристапот до официјални информации во врска со управувањето и спроведувањето на Препораките на Комитетот за светско наследство;“**

Архуската Конвенција го гарантира правото на ефикасно учество на јавноста во врска со прашања поврзани со животната средина:

- Член 6 став (3): „**Процедурите за учество на јавноста ќе содржат разумни рокови за различните фази, со кои што ќе се даде доволно време за информирање на јавноста согласно со став 2, и на јавноста ќе и се даде доволно време да се подготви и ефикасно да учествува во текот на донесувањето одлуки за животната средина**“
  Став (4) од истиот член: „Секоја Страна ќе се погрижи за навремено учество на јавноста, кога сите опции се отворени и **кога може да се реализира ефикасно учество на јавноста**“

Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (во понатамошниот текст: Уредба за учество на јавноста):

- Член 2 став (2): „Во постапката за изработката на прописи и други акти (во натамошниот текст: прописи) и/или плански документи, органите на државната управа и органите на единицата на локалната самоуправа (во натамошниот текст: органите), **треба на јавноста да и овозможат ефективно да учествува во изработката на прописите и во донесувањето,** изменувањето и ревидирањето (во понатамошниот текст: изработка) **на планските документи во нивната најрана фаза на нивното донесување**, односно при донесување на одлуката согласно член 4 од оваа уредба“.
- Член 6 став (2): „Јавниот увид може да трае **најмалку** 30 дена“.

2

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

Имајќи ги предвид горенаведените факти, а врз основа на член 6 став (3) и (4) од Архуската Конвенција; член 2 став (2) и член 6 од Уредбата за учество на јавноста **БАРАМЕ продолжување на рокот - овозможување дополнителни 30 дена за доставување на забелешки, мислења и предлози во врска со Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид и Нацрт СОЖС Извештајот, како би можеле да го оствариме правото на ефикасно учество во донесувањето на одлуки поврзани со животната средина.**

## 2. Коментари по однос на содржината на Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид и Нацрт СОЖС Извештајот на истата

### 2.1 Стратегијата предвидува продолжување со активност која експертите ја оценуваат како најголема закана за светското наследство – урбанизација.

Во СВОТ Анализата - Инфраструктура на стр. 59 се предвидува „Ревитализација на постоечките и **изградба на нови куќи** со автентичен изглед“. Во СВОТ Анализа Урбанизам и Животна Средина на стр. 70 се предлага: **„Донесување на планска и просторна документација за руралните средини“.**

Под точка 7. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И ПРОЕКТИ ПО ОБЛАСТИ И НАСЕЛЕНИ МЕСТА, во секоја од табелите, односно за секое село како приоритети се предвидуваат: изготвување урбанистичко – планска документација, што е чекор кон нова урбанизација во населените места и изградба на нови и реконструкција на постоечките објекти во традиционален стил и архитектура со употреба на традиционални материјали.

Од друга страна, во нацрт СОЖС Извештајот се наведува дека: „Изградбата на нови инфраструктури мрежи може да доведе до негативни влијанија врз биолошката разновидност како резултат на директно уништување на растителни видови и живеалишта, фрагментација на живеалишта, вознемирување, раселување и сл.“

Со ова Стратегијата го поттикнува продолжувањето на активноста, за која во 2017 година УНЕСКО препорача итно стопирање, по што во 2020 година експертите предупредија дека продолжување на трансформацијата, во услови на актуелната ранлива состојба, значи пат од кој нема враќање.

**Урбанизацијата во рамки на светското наследство <u>е спротивна на Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридски Регион (Сл. Весник на Р.М. бр. 75/10) и Конвенцијата за светско наследство (Закон за ратификација – Сл. Лист на СФРЈ бр. 56/1974).</u>**

**Потсетуваме на Извештаите на последните две Реактивни мониторинг мисии:**

**Извештај на заедничката Реактивна Мониторинг Мисија (РММ) на Центарот за светско наследство, ИУЦН и ИКОМОС ВО 2017 година:**

3

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

**Препорака бр. 6:** *„Да се прогласи мораториум на секаква урбана и крајбрежна трансформација во рамките на светското наследство додека не се донесат сите релевантни плански документи (План за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, план за крајбрежјето што е заснован на исклучителната универзална вредност итн.), да се усвојат сите правни акти што се неопходни за ефективна заштита на доброто и да се воспоставаат соодветни контролни механизми;"*

**Извештај на заедничката Реактивна Мониторинг Мисија (РММ) на Центарот за светско наследство, ИУЦН и ИКОМОС во 2020 година:**
*„Мораториумот на било каква крајбрежна и урбана трансформација, препорачан во 2017 година, беше воспоставен во август 2019 година, со задоцнување од две години, од страна на општините Охрид, Струга и Дебрца. Сепак, општинските одлуки содржат повеќе исклучоци за бројни градежни активности, што ја поништува одредбата. Мисијата смета дека мораториумот треба да биде повторно воспоставен, а исклучоците значително ограничени. Идеално, само вообичаени активности за одржување и работи поврзани со третман на отпадни води и цврст отпад треба да бидат дефинирани како исклучоци и нивното продолжување да биде дозволено, сите останати треба да бидат стопирани се додека не се комплетира побараната проценка (на влијание на животна средина на сите урбанистички планови и проекти – прим. Прев.). Мисијата смета дека одлуката на Комитетот не може да се смета за спроведена и многу е веројатно дека пропуштање на можноста за спроведување на сериозен мораториум ќе резултира со понатамошни негативни влијанија во иднина."* (стр.94)

***Препорака 1.г – рок за спроведување: веднаш***
*Итно да се воспостави повторно градежен мораториум кој се очекува да истече во 2020 година и да се ревидираат општинските одлуки на Охрид, Струга и Дебарца за мораториум со цел значително редуцирање на исклучоците, ограничувајќи ги дозволените активности на вообичаено одржување, и исклуувајќи ги од мораториумот сите инсталации на преносни мрежи до 35 kV и подстаници до 10 kV, противпожарните инсталации, локалното водоснабдување и надградба на постоечкиот канализациски систем.*

**Бараме Стратегијата за рурален развој да не предвидува проширување на урбанизацијата во населените рурални места, а особено не во оние кои се наоѓаат на крајбрежјето на Охридското Езеро и во НП Галичица**

### 2.2 Изградба на марина во с. Пештани

Стратегијата за рурален развој како еден од приоритетни проекти за реализација на Стратешка цел 2 - Квалитетно и целосно искористување на туристичките и стопанските потенцијали на руралните области со што би се подобрил квалитетот на живеење на селските средини во село Пештани, наведува изградба на марина.

Имајќи предвид дека во Стратегијата нема дополнителни информации околу овој проект, како и фактот дека Нацрт СОЖС Извештајот не ја ни споменува изградбата на марина, а уште помалку го проценува нејзиното влијание, Ве молиме да ни ги доставите следните информации:

4

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

- Врз основа на кои критериуми е утврдено дека најдобра локација за изградба на марина е селото Пештани;
- Копија од сета постоечка документација поврзана со проектот за изградба на марина во Пештани.

**Бараме Нацрт СОЖС Извештајот да го процени влијанието на овој проект, предвиден во Стратегијата.**

### 2.3 Изградба на ски-центар на Плакенска Планина

Во стратегијата во селата Речица и Плаќе се предвидува *„Изработка на физибилити студија за ски центар на Плаќенска Планина"*

Нацрт СОЖС Извештајот во однос на овој проект пропушта да го процени неговото влијание врз животната средина и единствено упатува на тоа изработката на физибилити студијата за зимски ски центар на Плакенска планина да биде во согласност Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион; како и за реализација на зимски ски центар на Плакенска планина да се почитуваат одредбите на Законот животната средина, односно изработка на Стратегиска оцена на животната средина и Студија за оцена на влијанијата врз животната средина на ниво на планска и проектна документација, каде ќе се изврши оценување на влијанијата врз животната средина.

Укажуваме дека истражувањата на терен на Македонското Еколошко Друштво упатуваат дека балканскиот рис (критички загрозен вид, заштитен и на национално и на меѓународно ниво) ја користи Плаќенска планина како коридор за движење помеѓу Маврово, Галичица и Пелистер. **Во оваа смисла бараме СОЖС Извештајот да се дополни со мерка „Изработка на Студија за утврдување на можно присуство на рисот на Плаќенска планина" како предуслов за можно планирање на ски центар.**

Потсетуваме на Препораката на Бернската Конвенција бр. 211, од 2021 година:
„(С. Македонија) да ја унапреди соработката меѓу НП Маврово, соседните национални паркови, придружните заедници и преостанатите или потенцијалните подрачја на кои се движи рисот во соседните држави, со цел конзервација на дивиот свет и живеалиштата, како и управување кое ќе осигура поврзаност на овие подрачја и експанзија на популацијата на рисот. Во оваа смисла да се размисли за развивање на Национален акциски план за рисот."

### 2.4 Стратегијата не се осврнува на бесправно изградените објекти

**Коментар:** Во Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид нема дел кој се однесува на бесправно изградените објекти и нивно отстранување и како во иднина ќе се рефлектираат истите на развојот во руралните средини. Како важен стратешки документ сметаме дека треба да се осврне и на тој проблем кој го имаат речиси сите рурални средини во Охридскиот Регион.

**Бараме Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид да даде насока за идни чекори во однос на бесправните објекти во руралните средини.**

5

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

**2.5 Стратегијата не се осврнува на Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион**

**Коментар:** Во Законите кои се основа за изработка на оваа стратегија не се спомнува Законот за управување со Охридски Регион и во институциите надлежни за рурален развој во овој регион не се спомнува Комисијата за управување со Охридскиот Регион која треба да дава мислење за секоја урбанистичко планска документација и проект кој донесува/спроведува во границите на Доброто. Имајќи ја предвид дефинираната надлежност на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, истата разгледува и дава мислење за прашања во врска со управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, поради што е потребно да се обезбеди нејзино мислење во врска со оваа Стратегија.

**Бараме Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид да биде доставена до Комисијата за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион заради обезбедување мислење.**

**2.6 Стратегијата за рурален развој предвидува – развој на спортови на вода**

**Коментар:** Оваа активност е во корелација со изградба на центар за спортови на вода предивиден во Стратегијата за развој на туризмот во Општина Охрид. На пример, плажата Љубаништа има само дел кој е во зона на одржливо користење, додека остатокот од пределот е во зона на строга заштита и зона на активно управување според зонирањето во Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро. Сметаме дека вака предвидените активности се нејасни и не се знае за какви точно спортови се мисли, а ниту пак какви влијанија би имале истите врз Доброто.

**Бараме да се прецизира во Стратегијата на какви спортови на вода се однесува и да се изготви проценка во СОЖС Извештајот за на влијанието на истите врз Доброто.**

**2.7 Реконструкција и проширување на регионалниот пат Охрид – Св. Наум**

**Коментар:** На стр. 59 од Стратегијата во СВОТ Анализа Инфраструктура, се предлага „Реконструкција и проширување на регионалниот пат Охрид – Св. Наум".
Имајќи предвид дека низ целата стратегија нема подробни информации во врска овој предлог ниту пак Нацрт СОЖС Извештајот го анализира неговото влијание, бараме да ни ги доставите следните информации:

- Дали постои проект за реконструкција и проширување на регионалниот пат Охрид – Св. Наум ?
- Доколку да, Ве молиме да ни доставите копија од истиот.

**2.8 Отсуствува анализата на алтернативи и причините за избор на алтернативите во Нацрт-СОЖС Извештајот.**

**Коментар:** На стр. 94 елаборирана е точката Анализа на алтернативи, но при истата исклучиво разгледувани се Алтернатива 0: Состојба без имплементација на Стратегијата за рурален развој на

6

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

Општина Охрид и Алтернатива 1: Состојба со имплементација на Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид. Сметаме дека СОЖС Извештајот не треба да прави разлика само помеѓу овие две алтернативи, туку истиот треба да понуди и разгледува повеќе можности, по што ќе се пристапи кон избор на најповолната и ќе биде јасно образложено зошто токму таа алтернатива е одбраната. Дополнително, под оваа точка во Нацрт СОЖС Извештајот не е даден опис на направената проценка, вклучувајќи ги сите потешкотии до кои се дошло при собирањето на потребните информации согласно чл. 2 ст. 1 т. (ж) од Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. Весник 153/2007).

**Бараме СОЖС Извештајот да се преработи и во себе да вклучи повеќе анализирани алтернативи и опис за тоа како е направена проценката.**

**3. Обезбедување мислење од Центарот за светско наследство на УНЕСКО и неговите советодавни тела**

Бараме Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид и Нацрт СОЖС Извештајот за стратегијата да се достават до Центарот за светско наследство на УНЕСКО и неговите советодавни тела, заради обезбедување на мислење во врска со истите, како и да ни доставите копија од добиените мислења.

**Укажуваме дека го задржуваме правото да доставиме дополнителни коментари и уште еднаш го повторуваме барањето за продолжување на рокот - овозможување дополнителни 30 дена за доставување на забелешки, мислења и предлози во врска со Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид и Нацрт СОЖС Извештајот, како би можеле да го оствариме правото на ефикасно учество во донесувањето на одлуки поврзани со животната средина.**

Со почит,
Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42“

7

| | |
|---|---|
| **Предмет:** | Коментари по Стратегија за рурален развој во Општина Охрид и Стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој во Општина Охрид |
| **До:** | Општина Охрид, Сектор за животна средина |
| **Изработувач:** | Граѓанска иницијатива Охрид SOS<br>Здружение за заштита на животните и животната средина Е.Д.Е.Н. |
| **Датум:** | 17 март 2022 г. |
| **Контакт:** | ohridsos@gmail.com<br>eden.org.mk@gmail.com |

| **Општи забелешки и препораки** |
|---|
| • Уште во 2017 г. Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО констатираше дека Охридскиот Регион е под значителен притисок од туризмот кој е комерцијален и масовен што очигледно е клучната визија за „развој“, **силно ѝ препорача на Македонија преориентирање кон типови на туризам со кои истовремено се штитат и вредностите на Регионот** (како што е набљудување птици, планинарење, планински велосипедизам). Истата РММ ѝ препорача на Македонија да изработи Стратегија за одржлив туризам заснована на исклучителната универзална вредност на Регионот, вклучително строго регулирани туристички активности, и истата да ја поднесе на одобрување до Центарот за светско наследство (ЦСН) за да се утврди дали е усогласена со Програмата за одржлив туризам на ЦСН.<br><br>• Иако со Стратегијата за локален економски развој на Општина Охрид се предвидува дефинирање на капацитет за апсорпција, издржливост и квалитет на туристичките капацитети и услуги (carrying capacity analysis), таква анализа досега не е направена. Згора на тоа, во Акцискиот план од План за управување со светското природно и културно наследство на Охрдскиот Регион 2020 - 2029, утврдувањето на капацитетот на издржливост беше предвидено да се реализира до февруари 2022 г., а колку што знаеме анализата не е ниту започнала.<br><br>• Во Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид сè уште риболовот, ловот и унапредувањето на ловниот фонд се препознаваат како едни од приоритетните активности поврзани со руралниот туризам. Во Проценката на главните цели од Националната стратегија за развој на туризмот стои „подобрување на ловната понуда“, реализирана преку 1. поефикасно спроведување на контролите на ловот, 2. отворање центар за репродукција на дивеч заради обновување на ловниот фонд и 3. поголема промоција на ловот како производ. Се чини дека оваа заложба произлегува и од Стратегијата за локален економски развој на Општина Охрид. **Нагласуваме дека овој тип на туризам е крајно штетен за Регионот и не смее да се наведува како можна опција**. Потсетуваме дека соседна Албанија уште во 2014 г. воведе целосна забрана за лов поради десеткување на екосистемите, односно несогледливите последици по |

1

биодиверзитетот (Ruppert 2014). За информација, на пример срната и дивокозата се плен на Балаканскиот рис кој е критично загрозен вид според Црвената листа на IUCN. Со нивниот лов (дури и таму каде што е дозволен) директно се загрозува опстанокот на рисот (Петти национален извештај кон конвенцијата за биолошка разновидност, МЖСПП, 2014), чиешто присуство е потврдено во охридско-преспанскиот регион (Transboundary Prespa – Review of Conservation Efforts, PrespaNet, 2017). Во услови кога планетата се соочува со најголемото истребување на видови во својата историја; во услови на заканувачки последици од климатската криза кои директно ги загрозуваат живеалиштата и може да доведат до сериозни и опасни по човекот нарушувања на екосистемите; во услови кога напредните туристички трендови се во насока на одговорно патување, како на пример, одразено во концептот „не оставај трага“ (leave no trace); во услови кога Општина Охрид се протега во една од биолошки најразновидните и следствено, непроценливо важна, планина, воедно и Национален парк и природно наследство и Прекуграничен биосферен резерват на УНЕСКО - промоцијата на лов во стратегијата за туризам може да се оцени само како комплетно неразбирање на природните процеси, како и основните принципи на одржливост и потребата од заштита на природата и недостаток на знаење за суштинската спрега помеѓу благосостојбата на луѓето и одржувањето на природните екосистеми.

- Марина е потребна, но изборот на локацијата за нејзина изградба смее да произлезе само од стручно-научна анализа на можни локации со најмал можен импакт врз биодиверзитетот и пределските карактеристики на крајбрежјето на Охридското Езеро, а во согласност со Студијата за валоризација на Охридско Езеро како споменик на природата, согласно Планот за управување со Охридскиот регион (2020-2029) и урбанистичкиот план за крајбрежјето на Охридското езеро кој е план од државно значење и моментално се наоѓа во постапка на донесување.

- Како добар пример за одржлив рурален туризам во служба на локалното население, може да се посочи локалната веб-страница https://genuinexperiences.com/.

- Уредувањето на сите плажи во рамки на атарите на крајбрежните села во општина Охрид да биде условено од Студијата за валоризација на Охридско Езеро како споменик на природата и зонирањето кое произлегува од истата, Планот за управување со Охридскиот регион (2020-2029) и урбанистичкиот план за крајбрежјето на Охридското езеро кој е план од државно значење и моментално се наоѓа во постапка на донесување.

- Сите предлози за публикации/брошури и слично да се елиминираат од Стратегијата. Живееме во време на брз напредок на технологијата со што застарените методи на промоција стануваат не само беспредметни, туку и предизвикуваат загрозување на животната средина (флаерите, брошурите итн. најчесто завршуваат во отпад веднаш откако ќе бидат поделени). Промоцијата да се состои од куси видеа, едноставни и креативни инфографици и останати визуелизации кои лесно може да се споделуваат на социјалните мрежи и сите современи канали за комуникација што денес се во сеопшта употреба.

- Да се донесе одлука, на ниво на општина, за **раскинување на договорите со концесионерите на веќе изградените мали хидроцентрали; да се напуштат сите планови за изградба на нови, како и оние кои се во постапка, но сеуште не се**

| | | |
|---|---|---|
| **изградени; веќе изградените мали хидроцентрали да се дислоцираат надвор од заштитеното подрачје Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион, односно надвор од сливот на Охридското и Преспанското Езеро.** | | |
| **Забелешки по конкретни сегменти од Стратегијата за рурален развој:** | | |
| **СЕГМЕНТ ОД ДОКУМЕНТОТ** | **СПОРНА ФОРМУЛАЦИЈА** | **ПРЕДЛОГ-ИЗМЕНА И ЗАБЕЛЕШКИ (ОБРАЗЛОЖЕНИЕ)** |
| СВОТ Анализа Инфраструктура | „Реконструкција и проширување на регионалниот пат Охрид – Св. Наум“<br><br>Да се преформулира. | Иако реконструкција на овој патен правец е несомнено неопходна, дискутабилна е потребата од негово проширување, имајќи предвид дека интензивно се користи само во делницата Охрид – Пештани и тоа само сезонски, односно во летниот период. Од аспект на заштита на природната средина, поцелисходно е да се изработи студија и **да се воведе ефикасен и еколошки јавен превоз**, со што патниот правец Охрид – Св. Наум ќе се растерети и ќе се користи (во сезона) само од жителите и возилата на јавниот превоз. |
| СВОТ Анализа Туризам и Локален Економски Развој | „Лов, риболов и ловен / риболовен туризам“<br><br>Целосно да се избрише | Во услови кога Општина Охрид се протега во една од биолошки најразновидните и следствено, непроценливо важна, планина, воедно и Национален парк и природно наследство и Прекуграничен биосферен резерват на УНЕСКО - промоцијата на лов во стратегијата за туризам може да се оцени само како комплетно неразбирање на природните процеси, како и **основните принципи на одржливост и потребата од заштита на природата** и недостаток на знаење за суштинската спрега помеѓу благосостојбата на луѓето |

3

| | | |
|---|---|---|
| | | и одржувањето на природните екосистеми. |
| СВОТ Анализа<br>Спорт и Култура | „Зимски туризам и изградба на ски-патеки“<br><br>Да се преформулира. | Неопходно е прецизно да се дефинира подрачјето во кое би се вовеле овие содржини, како и типот и опфатот на истите. Потсетуваме дека согласно одлуките на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (2017, 2018, 2020), како и извештаите од советодавните и реактивните мониторинг мисии на ИКОМОС / ИУЦН, беше наложено **целосно напуштање на било какви проекти за зимски ски туризам и придружни капацитети во рамки на НП Галичица**, што воедно е рефлектирано и во Планот за управување со националниот парк. |
| Стратешки цели, приоритети и проекти по области и населени места | | |
| **Стратешка цел 1**: Инфраструктурно и комунално уредување на селските средини | Приоритетни проекти:<br><br>**1.2.4. Изградба на каптажи и цевковод за техничка вода за наводнување од месноста Горно Речиште и Долно Речиште**<br>Предвиден во: Куратица<br><br>Да се преформулира. | 1.2.4 Куратица<br>Инфраструктурни проекти од овој тип да бидат проследени со Физибилити студија, СОЖС, и студија за влијанието по ОУВ на Охридскиот регион. |
| **Стратешка цел 2**: Туризам и ЛЕР | Приоритетни проекти:<br><br>**2.1.1. Искористување на природните ресурси во атарот на селото**<br>Предвиден во: Велестово<br><br>Целосно да се избрише | 2.1.1 Велестово<br>Не е јасно што се подразбира под „Искористување на природните ресурси во атарот на селото“. Имајќи предвид дека Велестово се наоѓа во рамките на НП Галичица, а селскиот атар е во зоната на активно управување, недозволиво е со оваа стратегија |

| | | |
|---|---|---|
| | | да се планира таква приоритетна активност. |
| | **2.1.1. Изградба на пешачка патека со осветлување Гранит-Метропол со вкупна должина 1 км.**<br>Предвиден во: Коњско со Долно Коњско<br><br>Целосно да се избрише. | 2.1.1 Коњско со Долно Коњско<br>Активности од овој тип се забранети во првата заштитна зона на Охридското Езеро согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски План (2020-2029). |
| | **2.1.1. Изработка на потребната документација за развој на рекреативна ски стаза**<br>Предвиден во: Куратица<br><br>Да се преформулира. | 2.1.1 Куратица<br>Инфраструктурни проекти од овој тип да бидат условени со изработка на Физибилити студија, Студија за оценка на влијанието врз животната средина (СОВЖС) и студија за влијанието по ОУВ на Охридскиот регион. |
| | **2.1.2 Изградба на марина**<br>Предвиден во: Пештани<br><br>Целосно да се избрише. | 2.1.2 Пештани<br>Марина е потребна, но изборот на локацијата за нејзина изградба смее да произлезе само од стручно-научна анализа на можни локации со најмал можен импакт врз биодиверзитетот и пределските карактеристики на крајбрежјето на Охридското Езеро, а во согласност со Студијата за валоризација на Охридско Езеро како споменик на природата, согласно Планот за управување со Охридскиот регион (2020-2029) и урбанистичкиот план за крајбрежјето на Охридското езеро кој е план од државно значење и моментално се наоѓа во постапка на донесување. |

5

| | | |
|---|---|---|
| | **2.1.2. Изработка на физибилити студија за зимски ски центар на Плаќенска планина**<br>Предвиден во: Речица, Плаќе<br><br>Да се преформулира.<br><br>**2.1.3. Уредување на местото кај Вулканот**<br>Предвиден во: Косел<br><br>Да се преформулира. | 2.1.2 Речица, Плаќе<br>Инфраструктурни проекти од овој тип да бидат условени со Физибилити студија, СОВЖС и студија за влијанието по ОУВ на Охридскиот регион.<br><br>2.1.3 Косел<br>Проектот да биде проследен со Физибилити студија, СОВЖС и студија за влијанието по ОУВ на Охридскиот регион. |
| **Стратешка цел 3**: Урбанистички уредени селски средини со просторно-планска документација и чиста животна средина | Приоритетни проекти:<br><br>**3.2.3. Контрола на Б интегрирана дозвола за услови за користење на природни минерали и други ресурси.**<br>Предвиден во: Куратица<br><br>Целосно да се избрише. | 3.2.3 Куратица<br>Недозволиво е да се планира користење на минерални или било какви други суровини во заштитено подрачје на листата на светско наследство. |
| **Стратешка цел 4**: Развиено земјоделство и сточарство врз база на здрава, автохтона и органски здрава храна | Приоритетни проекти:<br><br>**4.1.2 Користење на производи од природата**<br>Предвиден во: Љубаништа, Трпејца, Пештани, Елшани со Елешец, Коњско со Долно Коњско, Велестово, Св. Стефан со Шипокно, Рамне, Велгошти, Лескоец, Косел, Горно Лакочерej, Долно Лакочерej, Ливоишта, Вапила, Расино, Куратица, Опеница, Подмоље, Орман, Завој, Речица, Свиништа, Плаќе, Сирула, Лагадин<br><br>Да се преформулира. | 4.1.2 Сите села во регионот<br>Користење на производи од природата треба да биде строго регулирано од аспект на:<br>- Точно кои производи смее да се собираат / берат (билки, плодови, габи..), а кои не смее<br>- Во кои количества<br>- На каков начин<br>- На која локација<br>- Во кои делови од годината / сезоната / денот итн, според насоките обезбедени од МЖСПП.<br>Сето ова треба да е поткрпено со соодветни обуки на локалното население, на лиценцираните туристички водичи од регионот и на самите посетители. |

6

| | | |
|---|---|---|
| | | Во подрачје на заштитено светско наследство, Примарно подрачје за пеперутки, Прекуграничен биосферен резерват итн, оваа активност треба многу внимателно да се планира и доколку не може да се гарантира контрола врз истата, да не се прибегнува кон половични обиди. Многу е значајно при организирањето на овие активности да се има стрга контрола врз бројот на посетители во дадено време. |
| **Стратешка цел 6**: Спорт и култура | Приоритетни проекти:<br><br>**6.2.1 Развој на спортови и натпреварувања на вода**<br>Предвиден во: Љубаништа, Трпејца, Пештани, Лагадин, Коњско со Долно Коњско (Косел?, Горно Лакочереј?, Расино?, Завој?)<br><br>Да се преформулира.<br><br>**6.2.1. Развој на зимски спортови и натпреварувања**<br>Предвиден во: Свиништа<br><br>Да се преформулира. | <u>6.2.1 Сите крајбрежни села</u><br>Било каква активност во насока на одржување на спортови на вода и соодветни натпреварувања мора да биде усогласена со Студијата за ревалоризација на Охридско Езеро за споменик на природата, од зонирањето кое од таа студија произлегува, односно Планот за управување со спомеником на природата Охридско Езеро и Планот за управување со Охридскиот регион.<br><br><u>6.2.2 Свиништа</u><br>Развој на проекти од овој тип да биде условен со Физибилити студија, СОВЖС и студија за влијанието по ОУВ на Охридскиот регион. |

7